РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIVË
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar | 07.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 | 55/1 | | |

( Образец ПП……)

**До:** <u>**Државниот управен инспекторат**</u>
**(имател на информацијата)**

# **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _____/_______________

_______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1) <u>**Колку барања за надзор во 2023 година има добиено**</u> Државниот управен инспекторат со цел спроведување на **надзор над извршување на правосилни управни акти согласно со член 2 став 4 алинеја 5 од Законот за управната инспекција:** " … Надзорот од ставот 1 на овој член опфаќа надзор над: …. извршувањето на правосилните управни акти"? Колку од тие барања се однесуваат за субјекти на надзор од <u>јавниот сектор</u>, а колку од тие барања се однесуваат за субјекти од <u>приватниот сектор</u>?
2) Во врска со барањата од точка 1, **колку постапки за инспекциски надзори се спроведени**? Во колку од тие постапки, е **донесено Решение со кое се задолжува субјектот на надзор да изврши правосилен управен акт**? Колку од тие решенија се однесуваат за субјекти на надзор од <u>јавниот сектор</u>, а колку од тие решенија се однесуваат за субјекти од <u>приватниот сектор?</u>
3) **Замолувам да ми се достават сите решенија донесени** од Државниот управен инспекторат **во 2023** година **со кои субјект на надзор се задолжува да изврши правосилен управен акт**.
4) <u>**Колку барања за надзор во 2024 година има добиено**</u> Државниот управен инспекторат со цел спроведување на **надзор над извршување на правосилни управни акти согласно со член 2 став 4 алинеја 5 од Законот за управната инспекција:** " … Надзорот од ставот 1 на овој член опфаќа надзор над: …. извршувањето на правосилните управни акти"? Колку од тие барања се однесуваат за субјекти на надзор од <u>јавниот сектор</u>, а колку од тие барања се однесуваат за субјекти од <u>приватниот сектор</u>?
5) Во врска со барањата од точка 4, **колку постапки за инспекциски надзори се спроведени**? Во колку од тие постапки, е **донесено Решение со кое се задолжува субјектот на надзор да изврши правосилен управен акт**? Колку од тие решенија се однесуваат за субјекти на надзор од <u>јавниот сектор</u>, а колку од тие решенија се однесуваат за субјекти од <u>приватниот сектор?</u>
6) **Замолувам да ми се достават сите решенија донесени** од Државниот управен инспекторат **во 2024** година со кои **субјект на надзор се задолжува да изврши правосилен управен акт**.

<u>(опис на информацијата која се бара)</u>

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- <u>**г) електронски запис**</u>
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго - сакам лично да ја подигнам документацијата од кај вас.

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во __________, _____2025 година** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, од [redacted] донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-55/1 од 07.02.2025 година, **СЕ УВАЖУВА.**

### *Образложение*

До Државниот управен поднесено е Барање за притап до информации од јавен карактер о[redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-55/1 од 07.02.2025 година.

По разгледување на истото утврдено е дека истото има 4 точки. Со точка 1 се бара податок за колку Барања се поднесени до Државниот управен инспекторат согласно член 2 став 4 алинеја 5 од Законот за управната инспекција и колку од нив се однесуваат на субјекти од јавен сектор а колку од приватен сектор во 2023 година. Со точка 2 се бара податок за број на спорведени надзори по подбесени Барања од точка 1 и колку од нив се однесуваат на субјекти од јавен сектор а колку од приватен сектор во 2023 година. Со точка 3 се бараат сите Решениеја донесени постапувајќи по Барањата од точка 1 во 2023 година. Со точка 4 се бара податок за колку Барања се поднесени до Државниот управен инспекторат согласно член 2 став 4 алинеја 5 од Законот за управната инспекција и колку од нив се однесуваат на субјекти од јавен сектор а колку од приватен сектор во 2024 година. Со точка 5 се бара податок за број на спорведени надзори по подбесени Барања од точка 1 и колку од нив се однесуваат на субјекти од јавен сектор а колку од приватен сектор во 2024 година. Со точка 6 се бараат сите Решениеја донесени постапувајќи по Барањата од точка 1 во 2024 година.

Постпувајчи по Барањето, Ве известувам дека Државниот управен инспекторат не води посебна евиденција за поднесени Барање/ иницијативи за вршење на вонреден инспекциски надзор согласно член 2 став 4 алинеја 5 од Законот за управната инспекција. Дополнително за извршените инспекциски надзори во 2023 и 2024 година на веб страната на Државниот управен инспекторат се доставпни Годишен извештај за работа на Државниот Управен Инспекторат за 2024 година, Извештај за работата на Државен Управен Инспекторат за периодот месец јануари - месец јуни, 2024 година, Извештај за работата на Државен Управен Инспекторат за периодот месец јули - месец декември, 2023 година и Извештај за работата на


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Државен Управен Инспекторат за периодот месец јануари - месец јуни, 2023 година на следната локација:
https://duinspektorat.mioa.gov.mk/mk/node/17

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-55/2 на 04.03.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk